# Кривична за две лица кај кои што е пронајдено оружје и муниција

30/08/2025



Секторот за борба против тероризам при Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал на БЈБ при МВР до ОЈО Скопје поднесе кривична пријава против лицата А.М. (58) и А.М. (28), двајцата од Скопје, а поради постоење на основано сомнение дека сториле кривично дело - „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“. Имено вчера (29.08.), врз основа на претходно издадена Судска наредба, беше извршен претрес во домот каде престојуваат пријавените, при што беа пронајдени и одземени повеќе предмети кои потекнуваат од кривично дело и тоа: пиштоли, пушка, поголема количина на муниција од различен вид на оружје и тоа калибар 357mm, 7.62x39mm, 7.62 x 25mm, 9mm и ловни патрони 12-ка, како и импровизирана експлозивна направа. Од страна на Судија на претходна постапка, на пријавените им е одредена мерка притвор во траење од 30 дена.









← Претходно



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

© 2025 Министерство за внатрешни работи. Сите права задржани.